


# Директорот на Скопската зоолошка до иселениците: Никогаш да не се вратите

Шефот на изборната кампања на Стево Пендаровски задолжен за Скопје и директор на Зоолошката градина во Скопје, Ѓорѓи Галетановски ја нарече македонската дијаспора „гнаси“ и порача никогаш да не се вратат во родната земја, бидејќи не гласале за Тамара Тодевска.

**-Што да очекуваш од луѓе што продале се и избегале од родна земја? Каква срамота…ццц. Фиром не им сметал , за северна не гласале за Тамара. А бе одземи им и пасоши и право на глас. Гнаси. Рмбајте под туѓо сонце и плукате по се што вреди. Никад да не се вратите**–напиша директорот на ЗОО Скопје Галетановски на својот ФБ профил.

Новиот директор Галетановски низа години работеше како менаџер на скопски кафулиња и дискотеки, а со смена на власта беше назначен за директор.

Галетановски во текот на претседателската кампања како што изјавија од ВМРО-ДПМНЕ на Фејсбук ја навредувал Гордана Сиљановска Давкова, кандидатката за претседател која беше поддржана од опозициската партија.

https://shilomagazine.com.au/2019/05/19/

Новинарот Бранко Героски по скандалот и навредите кои ги упати директорот на зоолошката градина Скопје до иселениците по повод Евровизија, сподели свој статус и уште една навреда која ја искажа Ѓорги Галетановски неодамна за време на претседателската кампања.

